ACBSP
ACCREDITED

University American College Skopje

# ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

АРХИТЕКТУРА
ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА
ДИЗАЈН



AD DESTINATUM PERSEQUOR

# КОИ СМЕ НИЕ

Факултетот за архитектура и дизајн (ФАД) на Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечки факултет во нашата држава од областа на архитектурата, внатрешната архитектура, како и дизајнот. Со амбициозна и висококвалитетна настава, Факултетот има за цел да изгради професионалци способни да се соочат со предизвиците на архитектурата како исклучителен фактор во општеството и животот на човекот.

Посветен на врвна едукација на студентите, како и на негување високи естетски и општествени вредности, Факултетот за архитектура и дизајн се гордее со студентите, нивните успешни кариери и нивните дела.

# КОИ СЕ НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Студирањето архитектура и дизајн се смета за култен академски жанр, затоа што во себе содржи многу области, од уметност и култура, до математика и филозофија. Затоа, архитектурата е интересна и полна со предизвици.

Архитектонскиот простор не е само физички, туку и социјален, културен, но и уметнички. Кога се размислува за конструкцијата на зградата како безбедносен систем, се размислува и за ликовните компоненти на просторот, се размислува и за здрави материјали, како и за здрава и инспиративна средина. И секако, околината на архитектот е полна со предмети, луѓе, звуци, во една необична и несекојдневна атмосфера.

УАКС ФАД е базиран на англосаксонскиот модел, што значи проектантска насоченост. За разлика од тоа, другите факултети во земјата и регионот се базирани на германската архитектонска школа, која во основа има конструктивна насоченост.

# НАШИОТ КАДАР

Академскиот кадар на ФАД при УАКС е балансирана комбинација на теориско и практично знаење, претставено преку истакнати професори, искусни архитекти и вешти проектанти.

Наставниците се врвни професионалци и истакнати архитекти кои континуирано го унапредуваат наставниот процес од теоретски и практичен аспект. Сите наставници и соработници се всушност ментори кои ги водат студентите низ образовниот процес. Нашите предавачи имаат уникатна комбинација на теоретско знаење, информации и референци, но и вистински архитектонски вештини.

# НАШАТА ПРОГРАМА

Наставната програма ги подготвува студентите за нивна водечка улога во професијата која е во подем, особено во последната декада. Школата е структурирана во насоките архитектура, внатрешна архитектура и дизајн.

Програмата е дизајнирана за методолошко и практично едуцирање на студентите и нивно воведување во различни области. Во текот на предавањата, вежбите и другите едукативни содржини и уметности, се оформува интегралната слика за поимите архитектура и дизајн. Оттука, предметите опфаќаат области од архитектонското проектирање, проектирање ентериери, дизајн, уметничко изразување, теорија и историја на архитектурата, уметноста и дизајнот, графички комуникации, материјализација на просторот и заштита на животната средина.

Покрај задолжителните, во програмата се предвидени и голем број на изборни предмети, со кои се продлабочуваат знаењата во одредени специјализирани подрачја и сегменти на архитектурата, дизајнот и уметноста. Кон поуспешно совладување на студиската програма и воведување на студентите во нивната идна професионална работа, предвидена е и практична работа.

# АКАДЕМСКИ КАДАР

- Мишко Ралев – Основач на ФАД, претседател на ААМ 2020-2023, член на Националната комисија на УНЕСКО, член на УО на АПП
- Тони Васиќ – Академски графичар, награда за цртеж од меѓународна жири комисија на Остен 2022, авторска изложба во Париз, Франција 2021
- Владимир Ладински – Главен архитект во Design Services, Gateshead Council, Велика Британија
- Виолета Бакалчев – добитник на Големата годишна награда на ААМ за 2005, добитник на Специјални награди на 15 и 17-ти БИМАС на ААМ
- Љупчо Јованов – Архитект, сценограф, костимограф, дизајнер и писател
- Инџи Деребеј – Индустриски дизајнер, Middle East Technical University (METU) Ankara алумна
- Владимир Десков – Архитектонски факултет Загреб, Универзитет во Загреб, Хрватска алумнус, изложба „Toward a Concrete Utopia: Architecture in Yugoslavia, 1948–1980", MoMA, Њујорк, САД, раководител на Летната школа за архитектура и дизајн (2014-2017), награда за архитектура „ПОРТА 3" за 2019
- Нина Карангелеска Тодоровска – Претседател на комисија за доделување на Големата годишна награда на ААМ за 2021, прва награда за „Идејно решение за управна (општинска) зграда на Општина Аеродром, Скопје", 2021
- Мартин Деловски – Член на Управен одбор на ААМ 2022-2023

- Ана Велинова – Архитектонски факултет Загреб, Универзитет во Загреб, Хрватска, алумна
- Павел Вељаноски – Архитектонско студио "k87a", Скопје
- Паолина Милушева – Прворангиран проект за идејно урбанистичко и архитектонско решение за локалитетот Треска во Скопје 2021, тутор на Интернационална летна школа, Phoenix, Винтертур, Швајцарија 2019
- Максим Наумовски – Архитектонско студио "k87a", Скопје, гостин критичар на Техничкиот Универзитет во Виена, Австрија, раководител на Летната школа за архитектура и дизајн 2018-2022
- Иван Николовски – II награда на конкурс за архитектонско и хортикултурно решение за отворена летна сцена со парк, Скопје
- Јордан Шишовски – Ко-куратор на павилјонот на РСМ на Венецијанското Биенале за архитектура 2020
- Сашо Блажевски – член на Друштво на филмски работници на Македонија
- Бранислава Ѓорѓевиќ – "Инженерски прстен" на Архитектонскиот факултет во Скопје за 2006/2007, БИМАС 2014

# ЕКСПЕРТИ ОД ПРАКСА

- Викторија Еремеева – Ко-основач на ФАД, прв декан и прва жена декан на архитектонски факултети, консултант на просторен план на Македонија 2023
- Влатко Коцевски – Проектантско биро „Статика", Скопје, Fakultet za gradbenistvo in geodezijo, Slovenia алумнус
- Невена Георгиевска – Факултет за архитектура, Универзитет Сапиенца, Рим, Италија алумна
- Иван Мирковски – Технолошки Универзитет во Виена, Австрија алумнус, проектантско биро Суперблок Скопје и Смартливинг Скопје
- Ермис Лафазановски – филолог, антрополог, писател, член на Academia Balkanica Europeana
- Дита Старова Ќерими – Академски сликар, директор на НУ Национална Галерија на Македонија
- Фетах Фетаху – проектантско биро Б2А
- Борис Илиев – инженер по дизајн на мебел, Универзитет во Загреб, Хрватска алумнус, предавач на Школа за мода и дизајн Callegari, Загреб, Хрватска

# ВИЗИТИНГ ПРОФЕСОР

- Харалд Трап – Технолошки Универзитет во Виена, Австрија, Ко-куратор на австрискиот павилјон на архитектонското биенале во Венеција 2023

# НАШАТА ФИЛОЗОФИЈА

Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС е посветен на истражување на индивидуалните знаења и вештини кај студентите и нивно надградување, со цел да се овозможи секој студент да го оствари својот потенцијал и да го постигне својот максимум. Томку затоа, на ФАД предавањата и вежбите претставуваат сериозна интеракција и дискусија меѓу студентите и професорите, а искуството од таа размена е незаменливо. ФАД има над 25 наставници, соработници и експерти од пракса. Тие се посветени на постојана работа со своите студенти, преку вежби кои се одвиваат во групи од 10-15 студенти. Тоа значи дека секој студент добива посебно внимание од страна на наставниците, со цел да го развива својот талент и да ги надгради своите способности.

ФАД е единствен факултет во државата каде што на крајот од академската година се одржува годишна изложба. На неа се претставуваат најзначајните студентски достигнувања како резултат на реализацијата на наставната програма од тековната година. Оваа изложба е важна размена на искуства за студентите, а претставува и можност за нивна промоција и пред истакнати архитекти од земјата, како и пред целокупната јавност.

# ДЕЛОВЕН СОВЕТ НА УАКС

Соработката со Деловниот совет на УАКС е клучен фактор за развојот на високопрофесионален кадар за реалните животни услови. Деловниот совет на УАКС е составен од над 150 водечки компании и организации од различни професионални сфери, меѓу другото и голем број архитектонски и проектантски студија, градежни компании, дизајн студија и институции посветени на културното наследство. Имајќи за цел усогласување на наставните програми со современите процеси и политики, Деловниот совет на УАКС е дополнителна можност за развој на кариерата на студентите од ФАД.

# ОДГОВОРНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА

Нашите програми се еднакво посветени и на негување социјална одговорност кај студентите, едуцирајќи ги да ја почитуваат заедницата во која живеат и да се однесуваат како одговорни членови на општеството. Имајќи го ова предвид, УАКС организира разновидни социјално одговорни настани и проекти, во кои студентите земаат активно учество.

# НАШИТЕ АКАДЕМСКИ ПРОГРАМИ

Факултетот за архитектура и дизајн нуди иновативна и квалитетна наставна програма, која има за цел да ги подготви студентите за градење на успешна кариера во областа на архитектурата и дизајнот.

Факултетот нуди три насоки за **додипломски студии**:

- Архитектура
- Внатрешна архитектура
- Дизајн

Програма за **постдипломски студии** опфаќа две насоки:

- Архитектура
- Внатрешна архитектура

# СТРУЧНО И НАУЧНО ЗВАЊЕ ПО ДИПЛОМИРАЊЕ

По дипломирањето на Факултетот за архитектура и дизајн, согласно решенијата за акредитација на студентски програми, студентите се стекнуваат со едно од следните звања:

- Дипломиран инженер архитект – насока архитектура (ЕКТС180)
- Дипломиран инженер архитект – насока внатрешна архитектура (ЕКТС180)
- Дипломиран дизајнер (ЕКТС180)

По завршувањето на постдипломските студии, студентите се стекнуваат со едно од следните звања:

- Магистер по архитектура и дизајн (ЕКТС 300)
- Магистер по внатрешна архитектура и дизајн (ЕКТС 300)

ACBSP ACCREDITED

Универзитет Американ Колеџ Скопје е единствениот универзитет во земјата акредитиран од Советот на акредитација на бизнис факултети и програми од САД

# ОЧЕКУВАНИ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ ПО ДИПЛОМИРАЊЕ

**Архитектура**

- Насоката архитектура обезбедува познавања на конструктивните, функционалните и обликуваните специфики на градбите и соодветно ниво на координација во рамки на архитектонското проектирање.
- Студентите се стекнуваат со познавање за компонентите за дејствување во просторот, поделба на проблемите на функционални, конструктивни и обликувани, како и способност за одлука за одредени фази од нивниот дизајн.
- Студентите имаат познавање од основните методи за дефинирање проектна програма. Ги разбираат потребите на идните корисници и ги проектираат врз конечниот производ (дизајн) со цел понуда на прозводот на пазарот со вредност.
- Примена на стекнатите знаења и разбирање на стручните проблеми во подготвување на основните или други видови детални проекти или документација од сите домени на архитектонското проектирање, и нивна практична примена и реализација, ревизија и надзор.

**Внатрешна архитектура**

- Насоката внатрешна архитектура ги обучува студентите за организација и обликување на внатрешноста на архитектонските објекти што директно влијае врз животот и работата на човекот.
- Внатрешните простори се многу почесто предмет на промени предизвикани од могу чинители, со што оваа професија е секогаш актуелна и е во тек со промените што ги носи современиот начин на живот.
- Студентите кои ќе ја изберат оваа насока имаат редуцирано оптоварување во конструктивните и урбанистичките предмети. За сметка на тоа, имаат поинтензивна обука од областа на ентериерот и дизајнот.

**Дизајн**

- Студентите кои ќе ја изберат оваа насока се стекнуваат со знаења и вештини во областа на дизајнот.



## Архитектура

| **1 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Архитектонско проектирање 1 | 6 |
| 2 | Архитектонско студио 1 | 6 |
| 3 | Визуелно изразување 1 | 4 |
| 4 | Нацртна геометрија и перспектива | 6 |
| 5 | Теорија на форма | 4 |
| 6 | Архитектонско проектирање 2 | 6 |
| 7 | Архитектонски конструкции 1 | 6 |
| 8 | Визуелно изразување 2 | 4 |
| 9 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 1 | 4 |
| 10 | Математика | 6 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| **1 година** | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Вовед во менаџмент | 4 |
| Англиски јазик за посебни цели | 4 |
| Компјутерски апликации | 4 |
| Компјутерска графика 1 | 4 |

## Архитектура

| 2 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Архитектонско проектирање 3 | 6 |
| 2 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 2 | 4 |
| 3 | Архитектонско студио 2 | 6 |
| 4 | Компјутерска графика 2 | 4 |
| 5 | Архитектонски конструкции 2 | 6 |
| 6 | Архитектонско проектирање 4 | 6 |
| 7 | Архитектура и простор | 6 |
| 8 | Материјализација на архитектонски простор | 4 |
| 9 | Детаљ во архитектура | 6 |
| 10 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 3 | 4 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| 2 година | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Сликање и пластично обликување | 4 |
| Техники на визуелно изразување 1 | 4 |
| Инсталации во високоградба | 4 |
| Архитектонска физика и акустика | 4 |

## Архитектура

| 3 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Архитектонско проектирање 5 | 6 |
| 2 | Јавен простор | 6 |
| 3 | Ентериер 1 | 6 |
| 4 | Урбанизам 1 | 6 |
| 5 | Архитектонско проектирање 6 | 6 |
| 6 | Македонска архитектура и уметност на 19 и 20 век | 4 |
| 7 | Ентериер 2 | 6 |
| 8 | Проектирање на јавни згради | 6 |
| 9 | Урбанизам 2 | 6 |
| 10 | Изборен предмет | 4 |
| 11 | Пракса / Летна школа | 2 |
| 12 | Дипломска работа | 2 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| 3 година | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Индустриски дизајн 1 | 4 |
| Графички дизајн | 4 |

## Внатрешна архитектура

| **1 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Архитектонско проектирање 1 | 6 |
| 2 | Архитектонско студио 1 | 6 |
| 3 | Визуелно изразување 1 | 4 |
| 4 | Нацртна геометрија и перспектива | 6 |
| 5 | Теорија на форма | 4 |
| 6 | Архитектонско проектирање 2 | 6 |
| 7 | Архитектонски конструкции 1 | 6 |
| 8 | Визуелно изразување 2 | 4 |
| 9 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 1 | 4 |
| 10 | Техники на визуелно изразување 1 | 6 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| **1 година** | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Вовед во менаџмент | 4 |
| Англиски јазик за посебни цели | 4 |
| Компјутерски апликации | 4 |
| Компјутерска графика 1 | 4 |

**Внатрешна архитектура**

| **2 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Архитектонско проектирање 3 | 6 |
| 2 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 2 | 4 |
| 3 | Архитектонско студио 2 | 6 |
| 4 | Компјутерска графика 2 | 4 |
| 5 | Архитектонски конструкции 2 | 6 |
| 6 | Архитектонско проектирање 4 | 6 |
| 7 | Дизајн на мебел 1 | 6 |
| 8 | Материјализација на архитектонски простор | 4 |
| 9 | Детаљ во архитектурата | 6 |
| 10 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 3 | 4 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| **2 година** | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Сликање и пластично обликување | 4 |
| Техники на визуелно изразување 2 | 4 |
| Инсталации во високоградба | 4 |
| Архитектонска физика и акустика | 4 |

## Внатрешна архитектура

| 3 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Индустриски дизајн 1 | 6 |
| 2 | Јавен простор | 6 |
| 3 | Ентериер 1 | 6 |
| 4 | Графички дизајн | 4 |
| 5 | Дизајн на мебел 2 | 6 |
| 6 | Македонска архитектура и уметност на 19 и 20век | 4 |
| 7 | Ентериер 2 | 6 |
| 8 | Индустриски дизајн 2 | 6 |
| 9 | Архитектура на сценски простор | 6 |
| 10 | Изборен предмет | 4 |
| 11 | Пракса / Летна школа | 2 |
| 12 | Дипломска работа | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| 3 година | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 1 од следните:** | |
| Портфолио дизајн | 4 |
| Светло во архитектура | 4 |

## Дизајн

| 1 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Дизајн 1 | 6 |
| 2 | Компјутерска графика 1 | 4 |
| 3 | Визуелно изразување 1 | 6 |
| 4 | Нацртна геометрија и перспектива | 6 |
| 5 | Теорија на форма | 4 |
| 6 | Дизајн 2 | 6 |
| 7 | Компјутерска графика 2 | 4 |
| 8 | Визуелно изразување 2 | 6 |
| 9 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 1 | 4 |
| 10 | Техники на визуелно изразување 1 | 6 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| 1 година | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Вовед во менаџмент | 4 |
| Англиски јазик за посебни цели | 4 |
| Сликање и пластично обликување | 4 |
| Сликање и сликарски техники | 4 |

**Дизајн**

| **2 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Дизајн 3 | 6 |
| 2 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 2 | 4 |
| 3 | Компјутерска графика 3 | 6 |
| 4 | Композиција и фотографија | 4 |
| 5 | Индустриски дизајн 1 | 6 |
| 6 | Дизајн 4 | 6 |
| 7 | Индустриски дизајн 2 | 6 |
| 8 | Материјализација на архитектонски простор | 4 |
| 9 | Студио дизајн 1 | 6 |
| 10 | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 3 | 4 |
| 11 | Изборен предмет | 4 |
| 12 | Изборен предмет | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| **2 година** | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
| Техники на визуелно изразување 2 | 4 |
| Дизајн на мебел 1 | 4 |
| Дизајн на мебел 2 | 4 |
| Графика и техники | 4 |

## Дизајн

| 3 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
| 1 | Дизајн 5 | 6 |
| 2 | Веб дизајн | 6 |
| 3 | Студио дизајн 2 | 6 |
| 4 | Дигитална креативност и продукција | 4 |
| 5 | Дизајн на публикации | 6 |
| 6 | Дизајн 6 | 6 |
| 7 | Портфолио дизајн | 4 |
| 8 | Графика и анимација | 6 |
| 9 | Архитектура на сценски простор | 6 |
| 10 | Изборен предмет | 4 |
| 11 | Пракса / Летна школа | 2 |
| 12 | Дипломска работа | 4 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 60 |

| 3 година | |
|---|---|
| **Изборни предмети, 1 од следните:** | |
| Костимографија | 4 |
| Јавен простор | 4 |

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ

## Архитектура 3+2

| Предмети: | | ЕКТС |
|---|---|---|
| 1 | Архитектонско проектирање 1 | 6 |
| 2 | Современи конструкции и системи 1 | 6 |
| 3 | Студио урбанизам 1 | 6 |
| 4 | Ентериер 1 | 6 |
| 5 | Современи конструкции и системи 2 | 6 |
| 6 | Архитектонско проектирање 2 | 6 |
| 7 | Студио урбанизам 2 | 6 |
| 8 | Современа архитектура, уметност и дизајн | 6 |
| 9 | Изборен предмет | 6 |
| 10 | Изборен предмет | 6 |
| 11 | Естетска и визуелна реторика | 4 |
| 12 | Архитектонско проектирање 3 | 6 |
| 13 | Студио проектирање 3 | 6 |
| 14 | Теорија на архитектура, уметност и дизајн | 4 |
| 15 | Научно истражување и критичко размислување | 2 |
| 16 | Одржливо проектирање | 4 |
| 17 | Боја, дизајн, архитектура | 4 |
| 18 | Интегративно студио архитектонско проектирање | 6 |
| 19 | Магистерски труд | 24 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 120 |

| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
|---|---|
| Студио проектирање 1 | 6 |
| Студио внатрешна архитектура 1 | 6 |
| Студио проектирање 2 | 6 |
| Студио внатрешна архитектура 2 | 6 |

**Внатрешна архитектура 3+2**

| **Предмети:** | | **ЕКТС** |
|---|---|---|
| 1 | Елементи на внатрешна архитектура | 6 |
| 2 | Филмска сценографија | 6 |
| 3 | Дизајн 1 | 6 |
| 4 | Ентериер 1 | 6 |
| 5 | Композиција и фотографија | 6 |
| 6 | Ентериер 2 | 6 |
| 7 | Дизајн 2 | 6 |
| 8 | Современа архитектура, уметност и дизајн | 6 |
| 9 | Изборен предмет | 6 |
| 10 | Изборен предмет | 6 |
| 11 | Естетика и визуелна реторика | 4 |
| 12 | Ентериер 3 | 6 |
| 13 | Студио внатрешна архитектура 3 | 6 |
| 14 | Теорија на архитектура, уметност и дизајн | 4 |
| 15 | Научно истражување и критичко размислување | 2 |
| 16 | Одржливо проектирање | 4 |
| 17 | Боја, дизајн, архитектура | 4 |
| 18 | Интегративно студио внатрешна архитектура | 6 |
| 19 | Магистерски труд | 24 |
| **Вкупно ЕКТС** | | 120 |

| **Изборни предмети, 2 од следните:** | |
|---|---|
| Студио дизајн 1 | 6 |
| Студио внатрешна архитектура1 | 6 |
| Студио дизајн 2 | 6 |
| Студио внатрешна архитектура 2 | 6 |

# ЗАБЕЛЕШКИ

*Универзитет Американ Колеџ Скопје го задржува правото да ја измени наставната програма


University
American
College
Skopje
DEDICATED TO YOUR FUTURE